РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1292/13
09-12-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат/непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 78-та седница одржана на ден 24.11.2022 година донесе

*О Д Л У К А*

Постапката заведена под број 08-1292/1 од 22.02.2020 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за понатамошно постапување на ДКСК по предметот со бр. 08-1292/1 од 22.02.2020 година.

Предметот со бр. 08-1292/1 од 22.02.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со бр. 08-1292/1 од 22.02.2020 година е оформен по сопствена иницијатива, а врз основа на донесен Годишен план за следење на имотната состојба и интересите за 2020 година.

ДКСК констатира дека лицето ________, претседател на Апелационен суд - _______, не ја има испочитувано обврската да достави изјава за имотна состојба и интереси во рок од 30 дена од денот на престанок на функцијата. Во врска со ова ДКСК донесе заклучок да се изготви прекршочен платен налог, по кој лицето _______________ во рок од 8 дена ја има платено глобата.

ДКСК со цел да ја утврди фактичката состојба во конкретниот случај, прибави податоци за имотот на ________________ и за членовите на нејзиното семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

ДКСК по разгледување на прибавените податоци од наведените институции, како и по нивно споредување со податоците од изјавата за имотна состојба и интереси на _______________ претседател на Апелационен суд – _________, констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изработил: м-р Николина Тарчуговска-Милошевска, советник
Одобрил: м-р Шемши Салаи, член

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk